РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 03-928/5
14.08. 20 25 год.

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20) и член 87-е од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.1/2007, 16/2014, 9/2019, 7/2020, и 6/2025), Локалното собрание на млади на општина Крушево објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога во општината од делокругот на младинските прашања и политики.

Членовите на локалниот младински совет ги избира Локалното собрание на млади од пријавените членови по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади. Во отсуство на делегатите, нив ги заменуваат заменици-делегати.

Членовите на Локалниот младински совет имаат задача:

- Да предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината.
- Да иницираат прашања за млади.
- Да доставуваат информации до општината.
- Да вршат други советодавни и застапувачки работи.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

На Јавниот повик можат да се пријават млади на возраст од 15 до 29 години кои се жители на општина Крушево и имаат искуство во работа со млади. Кандидатите треба да претстават мотив и визија за учеството во работата на Локалниот младински совет.

## III. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Аплицирањето по однос на јавниот повик се врши во општинските простории во писмена форма или електронски на следниве адреси на електронска пошта: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk, sotir.gabeloski@krusevo.gov.mk, Sotirgabeloski@yahoo.com.

Апликантите задолжително треба да ги достават следните документи:

- **Пријава на кандидатот** (Прилог бр.1);

- **Образец на изјава за согласност за користење на лични од номинираното лице** (Прилог бр.2)
- **Кратка биографија на кандидатот**

Доставените пријави нема да бидат разгледувани по истекот на рокот на Јавниот повик.

Доставените материјалите на Јавниот повик не се враќаат.

**Јавниот повик трае од 15.08.2025 до 25.08.2025 година**

Апликациите ќе бидат разгледани од делегатите на Локалното младинско собрание на општина Крушево, ќе се спроведе процес на непосредно гласање и мандатит на членовите ќе бидат верифицирани од страна на Советот на општина Крушево по добиена одлука за избор на членови од страна на Локалното собрание на млади.

## VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел.072 264 157

Претседател на локално
собрание на млади
**Петар Донку**